# Извештај од средбата за консултации со ГО за даночниот третман на граѓанските организации

Даночната рамка за граѓанските организации (ГО) е важен елемент во окружувањето каде што функционираат. Таа може да го поттикне нивниот развој и одржливост, но, исто така, може да создаде пречки за функционирањето на граѓанските организации. Поволната даночна рамка треба да ги одразува карактеристиките во работењето на ГО, кои се различни од карактеристиките на комерцијалните субјекти, треба да ја препознава работата на ГО во поширокиот јавен интерес и да предвидува даночни олеснувања за донаторите на граѓански организации. Имајќи предвид дека граѓанскиот сектор е релативно млад во Северна Македонија, даночниот систем ретко ги препознава ГО како специфични субјекти различни од друштвата и јавните институции и институциите и има недоволно разбирање за карактеристиките на ГО. Така, при формулирањето на ефективни и овозможувачки предлози за даночната рамка за ГО, од клучно значење е ГО активно да бидат вклучени во процесот. Ова ќе им овозможи да ги изразат своите потреби, да се идентификуваат недостатоците во постојниот даночен режим и заеднички да развијат предлози.

Имајќи го предвид ова, околу четириесет претставници на граѓански организации и експерти учествуваа на консултативна средба организирана на 28 февруари 2023 година, во рамки на Проектот финансиран од ЕУ „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачка средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“. Целта на средбата беше да се придонесе кон подобрување на даноците важни за ГО. Консултативната средба се одржа во вистинско време, имајќи ги предвид неколкуте тековни процеси за измени во постојната правна рамка релевантна за ГО. Дополнително, поволната даночна рамка е дел од целите и задачите од стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество за 2022-2024 година, така што, средбата помогна и за нејзиното спроведување. Во текот на консултативната средба, учесниците имаа можност: а) да се информираат за постојната даночна рамка (данок на приход, данок на додадена вредност и оданочувањето донации и спонзорства) во земјите од Европската унија и Република Северна Македонија; б) да ги истакнат потребите и предизвиците со кои се соочуваат како ГО при примената на постојната даночна рамка; в) да ги споделат своите предлози за промени и подобрување на даноците за да соодветствуваат на потребите и специфичностите на граѓанските организации.

Составот учесници беше разновиден, вклучувајќи добро етаблирани организации, мали локални организации, како и експерти од Проектот за техничка поддршка.

**Содржина и дискусија**

Дискусијата за време на средбата се вртеше околу три клучни даночни прашања: а) данокот на приход; 2) данокот на додадена вредност (ДДВ) и 3) даночниот третман на филантропските давања. Агендата од средбата е дадена во Анекс 1 од овој извештај. Документот „Преглед на најдобрите практики во даночниот третман на ГО во Европската унија" што беше изготвен во рамките на Проектот послужи како основа за дискусијата. Во воведната сесија, г-ца Ирена Иванова, претставник на Делегацијата на ЕУ во земјата даде воведни забелешки за темата, потврдувајќи ја заложбата на ЕУ за поддршка на институциите и ГО во создавањето овозможувачка даночна рамка за ГО во согласност со Насоките на ЕУ за граѓанското општество. Средбата продолжи со отворање на секоја од трите клучни даночни аспекти, при што Проектниот експерт даваше вовед во секое од прашањата, презентирајќи ги споредливите практики од ЕУ и постојното законодавство во Северна Македонија. Потоа следуваше отворена пленарна дискусија меѓу учесниците.

Во целина, учесниците го поздравија организирањето на консултативната средба со ГО. Тие истакнаа дека нема многу можности каде што можат да се информираат за клучни прашања од оданочувањето и како истите се поврзани со нивната работа. Така, многу од учесниците ја искористија средбата да се информираат за предлозите за потенцијални подобрувања во даночната рамка и да го пренесат своето искуство и работа, а не за формулирање на конкретни даночни препораки.

**Данок на приход**

Во однос на данокот на приходи, по презентирање на компаративните примери од ЕУ и Северна Македонија, учесниците дискутираа за следните прашања:

- Какво е сегашното искуство од примената на законот за данокот на добивка? Дали е доволно јасна регулативата?
- Дали ги стимулира ГО да генерираат сопствени приходи од стопански дејности (вклучително и неповрзани со целите)?
- Дали сегашниот третман е соодветно поставен споредено со третманот на комерцијалните субјекти?

Учесниците се согласија дека е најважно Законот за здруженија и фондации да биде либерален во однос на ГО што вршат стопански дејности за поддршка на сопствената одржливост. Ова е особено важно, имајќи го предвид законското ниво на

финансиска поддршка од Владата, условите за учество во трошоците за донаторски финансирани проекти, како и сè поголемиот интерес за основање социјални претпријатија меѓу ГО кои главно се потпираат на стопански дејности. Имајќи ја предвид компаративната пракса од ЕУ, треба да се разгледа дали стопанските дејности што не се поврзани со мисијата треба да се дозволат, а потоа, кои од нив соодветно би се третирале со данокот за добивка. Исто така, се дискутираше дека во ЕУ законодавците и даночните власти не се премногу загрижени во однос на стопанските дејности на ГО што се поврзани со мисијата, бидејќи истите не се сметаат за нелојална конкуренција со пазарот, а даночните активности главно се фокусирани на стопанските дејности што не се поврзани со мисијата.

Врз основа на искуствата и впечатокот на учесниците, изгледа дека во овој момент постојното оданочување на приходите предвидено со Законот за данок на добивка е соодветно за поголемиот број организации, имајќи предвид дека тие ретко генерираат приходи над 1.000.000 денари од стопански дејности. Меѓутоа, со нагорната тенденција на социјални претпријатија, во блиска иднина ова може да стане проблем за поголем број ГО. Дополнително, доколку ГО би сакале да генерираат приходи од стопански дејности за да го покријат својот дел од трошоците во донаторски финансираните проекти, прагот од 1.000.000 денари е пренизок и би резултирал со дополнително даночно оптоварување за организацијата.

Понатаму, се дискутираше дека иако можеби е соодветно оданочувањето на вкупните приходи за ГО чии стопански дејности не вклучуваат значајни трошоци поврзани со дејноста, тоа не би бил случај за оние организации што имаат високи трошоци поврзани со стопанските дејности. Од оваа причина, се предложи дека наместо да се избира третман со фиксен данок на добивка, треба да се воведе пофлексибилен пристап. Имено, ГО би можеле да избираат меѓу оданочување на целокупните приходи (како што е сега), или оданочување врз основа на вишокот, како што е применливо за другите друштва. На овој начин организацијата може да има избор да одлучи каков даночен третман е посоодветен за нејзината стопанска дејност како што е тоа за профитните субјекти.

**Данок на додадена вредност (ДДВ)**

ДДВ се разгледуваше поврзано со влезниот ДДВ (кога ГО купуваат добра и услуги), како и излезниот ДДВ (кога ГО обезбедуваат добра и услуги) со дискусија на следните прашања:

- Какво е сегашното искуство од примената на законот за данокот на додадена вредност?
- Дали ГО се соочуваат со предизвици во неговата примена и како да се надминат овие предизвици?
- Дали може да се унапреди ДДВ третманот на ГО со намалување на финансискиот товар на влезниот ДДВ, особено за малите ГО и сл.?

Од споредбена гледна точка, влезниот ДДВ претставува предизвик за многу ГО во ЕУ и тие ретко го враќаат ДДВ, освен во случај на стопански дејности што генерираат приходи над прагот за ДДВ. Се дискутираше дека во Северна Македонија има ослободување за влезниот ДДВ за донорски финансирани проекти и за набавки преку донации од локални субјекти (согласно сложената процедура од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности). Меѓутоа, ДДВ во делот за уделот во трошоците од проектите финансирани од ЕУ не е опфатен со ослободување од ДДВ и се заклучи дека тоа треба да е реално подобрување, имајќи предвид дека уделот во трошоците од владата е вклучен во ослободувањето од ДДВ. Понатаму, многу мали ГО не спроведуваат проекти финансирани од донатори, па така треба да платат ДДВ за сите свои расходи, а тоа значи зголемување на нивните трошоци. Поттикнати од примерите за шемата за поврат на ДДВ за добротворни организации, како и „Мој ДДВ", учесниците предложија дека одредена форма на поврат на влезен ДДВ би била од корист за малите и локалните ГО.

Во однос на излезниот ДДВ, законодавството во ЕУ и Северна Македонија го врзува со услугите, а не со типот субјект. Од анализата и дискусиите се забележува дека има можност за подобрувања во ДДВ третманот за донирање храна преку поедноставување на процедурите. Во некои земји од ЕУ, услугите што ги обезбедуваат ГО за своето членство, доколку не ја попречуваат лојалната конкуренција на пазарот, се ослободени од ДДВ, кое би можело да се земе предвид и во Северна Македонија.

**Даночен третман на филантропски давања**

Споредбено со ЕУ, даночниот третман на филантропските давања е најсложен и најразновиден, бидејќи зависи од целокупниот даночен систем, граѓанското општество и филантропските традиции и развојот, итн. Така, најдобрата практика во оваа област е на ниво на принципи и тенденции во даночниот третман на филантропски давања. Иако Северна Македонија има широк спектар даночни олеснувања, се дискутираше дека се неопходни промени во Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД) со цел ефикасно да се поттикнат локалните донатори и да се промовира културата на давање. По презентацијата од експертот, се дискутираше на следните прашања:

- Какво е сегашното искуство од примената на законот за даночни олеснувања на филантропските донации?
- Дали ГО се соочуваат со предизвици во неговата примена и како да се надминат овие предизвици?
- Дали може да се унапредат даночните олеснувања? Дали се потребни дополнителни даночни бенефиции за донации кон ГО со статус ОЈИ, повеќегодишни донации, итн.?

Учесниците ги споделија своите искуства и дилеми во однос на спроведувањето на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. Дел од нив се соочиле со

тешкотии во завршување на административните процедури за даночни бенефиции согласно ЗДСЈД, додека пак други се соочиле со предизвици при определување на даночни аспекти поврзани со хуманитарни дејности. Бидејќи во другите европски земји не постои ex-ante административна постапка за добивање даночни бенефиции, учесниците се согласија дека треба да се поедностави постапката следејќи ги најдобрите практики од земјите од ЕУ. Понатаму, се дискутираше дека е покорисно да се изнајде изводливо и ефикасно решение за статусот ОЈИ отколку да се менува законот за ДДВ и другите системски даночни решенија.

Во текот на консултативната средба, учесниците, исто така, разгледаа и други прашања и предизвици со кои се соочуваат во однос на финансиското управување и одржливоста, како што е законот за сметководство за непрофитни организација, спроведувањето на проекти финансирани од ЕУ, потребата Владата да ја препознае и надомести експертизата за политики што ја обезбедуваат ГО, итн. Се заклучи дека се потребни понатамошни консултации и настани за да се продолжи дискусијата за прашања што се важни за финансиската одржливост за ГО.

**Завршни забелешки**

Врз основа на дискусиите, може да се резимираат следните главни заклучоци:

- Постои очигледно недостиг на знаење и практични информации во врска со даночната рамка за ГО. Особено, помалите организации се соочуваат со тешкотии да се снајдат во даночниот и финансиски систем. Затоа, важно е да се организираат слични настани, сесии и услуги за поддршка, за да се подобрат капацитетите во секторот и да им се помогне на ГО соодветно да ги разберат даноците важни за нив.
- Има простор за подобрување на даночната рамка за ГО во сите дискутирани типови даноци. Треба да се формулираат препораки за политики и да се споделат со институциите. Паралелно, истите може да се искористат како алатка за лобирање за ГО.
- Имајќи предвид дека не може да се разгледаат сите даночни аспекти одеднаш, треба да се направи план за приоретизација на прашањата. Во овој контекст, важно е да се координираат и спојат постојните процеси за изготвување и ревизија на законодавството што е релевантно за ГО. Ова посебно важи за ревизиите на Законот за здруженија и фондации, нацрт- Законот за социјални претпријатија и ревизиите на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. Другите прашања како што е повратот на влезниот ДДВ итн., би можеле да се разгледаат во наредните фази од ревизијата на политиките.

- Потребни се понатамошни консултации и средби со ГО за формулирање на препораките за политики. Овие средби треба да се организираат во помала група избрани ГО со искуство и експертиза во секторски прашања, особено, за оданочување, финансиското работење на ГО и законодавството за ГО.

**АНЕКС I – Агенда за консултативната средба со ГО**

**Средба со ГО за консултации за**

**Даночниот третман на граѓанските организации**

28 февруари, 2023 година

Место: Хотел Панорамика, со можност за онлајн учество

**Агенда**

10:50 – 11:00 Пријавување на учесниците

11:00 – 11:05 Отворање и вовед во состанокот
*Никица Кусиникова, експерт*

11:05 – 11:10 Добредојде и информации за проектот
*Ирена Иванова ЕУД*

11:10 – 11:40 Оданочување на приходи

- Презентирање на компаративен преглед на ЕУ и Северна Македонија – *Никица Кусиникова, експерт*
- ПиО, дискусија за оданочувањето приходи (пленарна дискусија)

11:40 – 12:10 Данок на додадена вредност

- Презентирање на компаративен преглед на ЕУ и Северна Македонија – *Никица Кусиникова, експерт*
- ПиО, дискусија за ДДВ (пленарна дискусија)

12:10 – 12:40 Даночен третман на филантропски давања

- Презентирање на компаративен преглед на ЕУ и Северна Македонија – *Никица Кусиникова, експерт*
- ПиО, дискусија за даноците за давања (пленарна дискусија)

12:40 – 12:45 Заклучоци и наредни чекори